**БАРАЊЕ 23-3330**

1. Предлог буџет за 2025 година.

Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Извештај од внатрешна ревизија (интерна) за последната 2024 година.

Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

3. Отчет за 2024 година

Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) или друга форма на вклученост на граѓаните во 2024/25 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики.Доколку имате спроведено граѓански форум, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

5. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

6. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

7. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2024 година?

8. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

**ОДГОВОР 23-3330**

1. Буџетот за 2025 година кој е објавен на веб страната на општината е истиот буџет, кој како предлог буџет се носи на усвојување од страна на Совет на општината. Во прилог е линк на кој можете на го видите буџетот за 2025 година.
https://kavadarci.gov.mk/finansii/budet-na-opshtina-kavadarci-za-2025-godina
2. Апстракт од извршени внатрешни ревизиии може да најдете на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/administracija/oddelenie-vnatresna-revizija
3. Отчетот за 2024 година е објавен на веб страната на општината на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/informacii/otcet-gradonacalnik
4. Во 2024 година се спроведени собири и дискусии со месни и урбани заедници, во врска со нивните потреби. Дадени се предлози и барања од нивна страна, а исто така секоја месна/урбана заедница поднесува предлог-програма до Советот на општината за нивните потреби. Дел од овие предлози се вметнуваат во програмите на општината за 2025 година, што значи дека граѓаните се вклучуваат во локалните политики. Во прилог Ви ги доставувам предлог потребите /комунални решенија/записници од одржани седници на урбани и месни заедници.
5. Седниците на Совет се отворени и јавни, се емитуваат во живо, а доколку граѓаните поднесат известување за нивно присуство на истите, можат слободно да присуствуваат.
6. Преку јавните гласила и јавните медиуми, на веб страната на Општина Кавадарци, на Огласната табла на општината и доколку граѓаните најавиле присуство се информираат со лична покана.
7. Не е организирана јавна расправа од страна на извршната власт, но Советот како локална власт, на седница на Совет одржува јавна расправа по основ на завршна сметка на општината за 2024 година, која се емитува во живо , односно е јавна.
8. Седниците на Совет се јавни и транспарентни за сите граѓани.